**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Осумдесеттата седница на Собранието на Републи Македонија, одржана на 15 ноември 2007 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собраниеот на Република Македонија, со почеток во 11,40 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги завземат своите места.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Продолжуваме со работа по Осумдесетата седница на Собранието на Република Македонија.

Дами и господа пратеници, ја отворам Осумдесетата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Коце Марковски, Хади Незири, Лилјана Поповска, Љубчо Ѓорѓиевски, Иван Стоиљковиќ, Роза Топузова Каровска, Весна Јаневска, Ристо Пенов, Марјан Додовски, Данаел Дончев, Владо Бучковски, Лазар Китановски, Илинка Митрева, Никола Поповски, Никола Рилковски, Никола Ќуркчиев, Верица Филипова, Благородна Цветковска, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Благој Зашов, Веле Митановски, Тито Петковски, Есад Рахиќ, Флора Кадриу, Радмила Шекеринска, Али Ахмети, Фазли Велију, Рафис Алити, Азис Положани, Агрон Буџаку, Тахир Хани, Сафет Незири и Шабан Салију, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети: Претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Оваа седница ја свикав по барање на Владата на Република Македонија заради разгледување на предлогот за донесување по итна псотапка на закон за изменување и дополнување на Законот за издавање на вредносни бонови, со Предлог на закон.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка на оваа седница да се донесе закон за изменување и дополнување на Законот за издавање на вредносни бонови - ваучери.

Прдлогот на Владата ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овој закон да се донесе поитна постапка.

Има збор заменик минситерот за финансии господинот Трпески, повелете.

**Предраг Трпески:** Благодарам почитуван претседател, почитувани пратеници.

Денес на дневен ред е Предлог на законот за измени и дополнување на Законот за издавање на вредносни бонови односно ваучери.

Целта на Владата на Република Македонија е секој редовен студент кој за прв пат се запишал во завршна година на студии, да добие вредносен бон - ваучер, за да може да се стекне со компјутер.

Во процесот на предавање на вредносните бонови односно ваучерите на високообразовните иснтитуции, беа констатирани одредени проблеми кои се однесуваа на бројот на вредносните бонови кои им следуваат на соодветните високобразовни институции.

Со цел на сите студенти кои не добија ваучери, а кои го исполнуваат условот од Законот за ваучери односно се редовни студенти кои за прв пат се запишани во завршната година од студии во учебната 2007-2008 година на високообразованите иснтитуции во Република Македонија, како и за сите студенти кои се евидентирани како лица со хендикеп, да им се овозможи добивање на ваучери, имајки предвид дека примената на законот за издавање на ваучери е до 31.12. оваа година, се предлага по итна постапка донесување на оваа измена на Законот.

Потребата за скратување на роковите за разгледување и донесување на овој закон произлегува и од тоа што средствата потребни за исплата на ваучерите се обезбедени во Буџетот на Република Македонија за 2007 година и истите треба да се искористат до крајот на годината.

Од изнесените причини погоре, се предлага донесување на овие измени и дополнувања на Законот за ваучери, по итна постапка. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка, го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, за гласале 53, воздржани нема против 3.

Процедурално за збор се јавува господинот Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Претседателе, уште еден глас за. Јас гласав за предлогот, но системот за гласање не ми работи.

**Љубиша Георгиевски:** Добро, уште еден глас за. Значи за гласале 54 пратеници.

Молам да се провери што е со системот.

Во меѓувреме ги молам службите уште еднаш да го проверат бројот на присутни пратеници во моментот на гласање.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен, а гласањето валидно.

Предлагам дневниот ред на оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласње.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеници, сите гласале за, воздржани и против нема.

**Стојан Андов:** Претседателе, реков системот кај мене не работи. Затоа треба уште еден глас за, бидејки јас гласав за.

**Љубиша Георгиевски:** Значи, за гласале 54 пратеници, против и воздржани нема. Н**о,** Мораме тоа да го верифицираме.

Предлагам да го повториме гласањето.

Предлагам дневниот ред на оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на довоелн број пратеници гласавме.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот денвен ред:

1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за издавање на вредносни бонови - ваучери.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, сите 55 за, воздржани и против нема.

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

**Минуваме на точка 1 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за издавање на вредносни бонови - ваучери.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Процедурално за збор се јавува господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам.

Почитуван претседателе, за да не го губиме времето ќе псотавам две процедурални прашања што сакам да бидат одговорени во текот на паузата која ќе ја побарам, бидејки амандманите што ги подготвуваме сеуште не се готови.

Бидејки законот го добивме утринава, се надевам ќе ни дозволите еден час пауза, а да не должиме после би сакал да поставам две рпашања.

Прво, зошто стандардно не е исполнет членот 160 од Деловникот за работа на Собранието, за да дознаеме, потребните финансиски средства што се наведени од кој дел на Буџетот се. Значи освен што пишува во законот дека се потребни финансиски средства, согласно член 160 треба да има објаснување од каде е тоа.

Второ, она што најмногу ме загрижува воовој момент, во овој момент ќе апелирам и до претседателот до претседателот на Законодавно-правната комисија, зошто законот или како е можно Законот што сме го изгласале во Собрание да имапреместени членови во Службениот весник. Кој го дозволил тоа. Кој дозволил да се направи таква измена. Ние ретко проверуваме, бидејки Законот пред десетина дена го носевме.

Сакам да кажам, Собранието да знае дека Законот што сме го изгласале овде е со испомешани членови објавен во Службен весник. Кој тоа го направил и по која наредба, јас не знам, но очекувам во паузата од еден час што ќе ја добиеме за наша амандманска подготовка, да ги имаме овие информации.

Во име на пратеничката група на СДСМ, барам пауза од еден час.

**Љубиша Георгиевски:** Еден час пауза.

(По паузата)

**Љубиша Георгиевски:** Почитувани пратеници,

Продолжуваме со седницата.

Пред да го отворам претресот по текстот на Предлогот на законот, се надевам дека прашањата на г-дин Макрадули се разјаснети.

Повелете, имате процедурално.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, во однос на нашата забелешка јас сакам да се извинам во име на пратеничката група, наш пропуст е тоа што го пропуштивме амандманот што беше усвоен од страна на Владата што го поднесовме тогаш и се извинувам за недоразбирањето, а за другото нема проблем во расправата ќе продискутираме. Благодарам.

Уште еднаш се извинувам во име на пратеничката група.

**Љубиша Георгиевски:** Секој може да згреши, нема проблем.

Сега, дозволете пред да го отворам претресот, јас имам една процедурална интервенција. Имам чест да ве поканам во два часот денес, во малиот свечен салон на промоцијата на Прирачникот за јавни расправи на НДИ, сите пратеници. Да ви препорачам и да ве замолам да присуствувате, заради тоа што со НДИ имаме навистина плодна соработка и добро е да присуствуваме сите таму.

Второ, нешто што сакам да ве замолам е да дозволите еден прекин на седницата од 15 минути по барање на претставниците на Владата, за да можат да ги видат ново пристигнатите амандмани. Мислам дека имаат право на тоа да ги видат на мира, за 15 минути, значи во 13,35 минути, ќе продолжиме со работа. Треба да им се даде на претставниците на Владата таа шанса, бидејќи не можат на памет важни нешта да решаваат, потоа одиме на амандманска расправа.

Предлагам пауза од 15 минути.

(По паузата)

Ги молам пратениците да влезат во салата, затоа што ќе продолжиме со седницата.

Ги повикувам и претставниците на Владата да влезат во салата, затоа што измина прекинот од 15 минути.

Ги повикувам претставниците на Владата да влезат во салата зошто ќе продолжиме со седницата.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Славица Грковска, Јани Макрадули, Тале Герамитчиоски и Весна Бендевска поднесоа амандмани за бришење на член 1, за менување на член 1, за додавање нов член 1-а, по членот 1, за додавање нов член 1-б по членот 1, член 2 за бришење на член 7 и за додавање нов член 7-а по членот 7, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 1, поднесен од пратениците Славица Грковска, Јани Макрадули, Тале Герамитчиоски и Весна Бендевска.

Го молам претставикот н а Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Амандманот не се прифаќа.

Владата не го прифаќа амандманот, а за збор се јави господин Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам пртседателе.

Почитуван заменик министер, колеги пратеници,

Амандманот се однесува на нашиот предлог. Значи, членот 1, кој што е предлог е предлог на измена на законот во кој што стои: "во законот за изадавање на вредносни бонови - ваучери, во членот 3, ставовите 1 и 3 се бришат". Да ве потсетам, бидејќи немаше навистина време би сакал да се вклучите, не се злонамерни амандманите, се за подобрување на текстот, ние да нема недоразбирање да се потсетите уште од дискусијата на Законот, даваме поддршка на оваа идеја. Но, и тогаш предупредувавме дека ќе има голем број на аномалии кои што можат да доведат до фијаско на иницијативата на Владата. Оваа измена на Законот е еден сигнал, е еден показател дека не ја осмислиле добро операцијата, повторно се враќа во Парламентарна процедура, сакаме искрено да помогнеме повторно да не се доживеа фијаско. Затоа, внимателно слушајте го образложението за тоа кои се амандманите. Немаше време за да ги согледате и за тоа сослушајте. Жал ми е што од Министерството за образование нема претставници кои по природа на нештата, ова е во нивни ресор, би можеле да му сугерираат на заменик министерот за финансии да ги прифати овие амандмани.

Да ве потсетам, во членот 3 од усвоениот закон, во ствот 1 пишува: "вредносните бонови ваучери се издаваат во вкупна вредност од 123 милиони денари". Сега, Владата предлага ова да се избрише. Во ставот 3 "ваучерите се издаваат во вкупен број од 10.000 парчиња. Значи, јсно ни е зошто ова се направило, се пречекори бројката од 10.000 парчиња или ваучери кои што се издадоа, но вие тргнавте во тотално друга насока. Во вашиов предлог предлагате да се избрише лимитот, кој што самите го дефиниравте во Законот. Сега, се поставува логично прашање, нема лимит, бесконечно ли ќе се оди со оваа иницијатива, временски детерминирана, но, може да се лиферуваат дупло, тродупло, четвородупло поголем број на ваучери. Самите забележавте кога го составувавте законот дека е потребно да се лимитира вкупната бројка на ваучери и вкупната сума која што ќе се одвои од Буџетот. Сега, неја ја бришите. Затоа, предлагаме да се бриши членот 1 во кој што вие предлагате да се избрише тоа. Тоа нема да остане неизменето, свесни сме дека има потреба од интервенција и за тоа со наредниот амандман интервенираме со вкупната борјка на ваучерите, а не вкупната сума. Е, сега, доколку сте стрпливи и сослушате кои се образложенијата.

Оваа иницијатива започна да се реализира. Не е тајна дека постојат голем број на недоследности од голем број на институции кои што учествуваа при имплементацијата на законот. Мојот впечаток е дека Министерството за финансии, министерот за финансии кој што ги даваше изјавите целата вина за неимплементација на законот во вистинска смисла ја фрли во факултетите односно на универзитетите. Не е коректно, универзитетски професор е и знае какви се не технички потешкотии постојат за заверка во еден временски период од страна на еден студент во кој што тој ќе стекне законско право да стане апсолвент. Во 90% од факултетите не е можно тоа да се оствари до 10 октомври кога во Службен весник ќе е излезен овој закон и стапил на сила. Затоа што, во други членови предлагате дека до влегување на сила на овој закон, тие кои станале апсолвенти, станале апсолвенти. Се јавуваат контрадикторности, па најдобро намерно ви велиме, од една страна интервенирате да се брише бројката, со што оставате простор да се печатат поголем број на ваучери, а од друга страна со друг член, членот 7, за тоа ќе дискутираме, ама е порзан со овој амандман, морам да зборувам за него и тоа сега. Во него велите "редовните студенти за прв пат запишани во завршната година на студии во учебната 2007 - 2008 на високообразовните установи во Република Македонија, во смисла на овој закон се редовни студенти запишани на високообразовните установи до денот на влегување во сила на овој закон". Ако ова го примените, нема потреба да лиферувате уште ваучери. Факултетите ги пријавија тие кои што до овој датум, до 10 октомври станале апсолвенти. Сега, за што ја зголемувате бројката. Имате контрадикторност, кои што самите си ги наметнувате. Затоа, најдбро е, тука ќе престанам со дискусијата, бидејќи во сите други амандмани се испреплетуваат овие наши обиди за отстранувње на потанамошни недоразбирања и недоследности при имплементација на овој закон, односно на реализација на идејата која што Владата самата ја наметна. Најдобро е членот 1 од измената да се избрише, да остане членот 3, вака како што е лимитиран, а да го прифатите наредниот член, наредниот амандман во кој што ние ја бришиме вкупната сума од ставот 1 од 123

милиони, бидејќи не знаеме до која вредност ќе стигнете, но се лимитира вкупната борјка на ваучери. Бидејќи, една од недоследностите беше што се оствариjа оние наши стравувања дека ќе се јави црна берза на препродажба на ваучерите или префрлање на едно во друго име. Не може да немате вкупна бројка и сфатете сега, оваа идеја ако остане ова вака, никако не можеме да дадеме поддршка. Дури тогаш имате отворен простор за манипулации колку што сакате. Можете да печатите 30 иљади, 50 иљади ваучери, каде ќе бидете лимитирани со ваучерите, со бројката, во кој член на законот. Повторно размислете. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Реплики имаат господин Илија Димоски и госпоѓа Мирјана Секуловска.

Одиме по тој редослед, повелете господине Димоски, три минути реплика.

**Илија Димоски:** Благодарам претседателе.

Јас би сакал накратко да му реплицирам на почитуваниот колега Герамитчиоски во делот, посебно во делот каде што се обиде да ја дефокусира темата по која дискутиравме, вметнувајќи во својата дискусија по амандманот свои оценки за начинот на кој што функционира имплементацијата на овој закон. Би сакал да потенцирам дека владините институции, вклучително и Министерството за образование крајно професионално функционираат по однос на спроведување на овој закон, дури и крајно транспарентно. Но, господине Герамитчиоски можете да видите во образложението кое што го имаме добиено заедно со предлогот за измени и дополни на овој закон, прецизно е дефинирано каде Министерството за образование направило погрешна проценка. Тоа се случува само во две високообразовни институции, во Високата стручна медицинска школа во Битола и на Шумарскиот факултет во Скопје. Вкупната борјка на промашување во проценката од страна на владините институции не е поголема од 200 студенти. Вие веројатно ја следите оваа проблематика, поради тоа што долго време се занимавате токму со високообразовните политики во Република Македонија, сте сведок дека промашување во проценката не се случи од страна на владините институции и од страна на Министерството за финансии и Министерството за образование, туку се случи во самите факултети, каде што бројката на редовни студенти за прв пат запишани во таа последна година од студирањето, драстично се зголеми од кога Владата го објави овој веројатно најдобар проект, кој што се однесувал на студентите во Република Македонија во последните 15 години. Мислам дека не е умесно и не е во насока на консрктивен дијалог да се обидуваме од се да правиме негативен филм. Значи, добро е да се потенцираат слабостите, добро е да се потенцираат проблемите, поради тоа што овој проект самиот по себе беше брз и мораше да биде брз, меѓутоа би ве замолил сето тоа да не го сведете на онаа секојдневна политичка реторика која што е присутна во Собранието на Република Македонија. Ограничувањата вие сами ги кажавте во член 7 итн, не би навлегувал понатаму, но мислам дека ме разбравте крајно позитивно со оваа моја реакција. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господин Герамитчиоски со вашата контра реплика една минута.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван колега, кога ќе дојде амандманот во кој што се лимитира таа бројка, јас ќе ви ја објаснам техниката на запишување на студентите на факултетите каде што се заверува семестарот или се запишува нова година, каде што се дефинира статусот на апсолвенти или не. Не е тема на овој амандман тоа, но прочитајте го амандманот за кој што сега зборуваме, ќе видите дека ако се брише членот 3 став 1 и став 3, никаде нема да има лимит Владата. Прочитајте го и за тоа да дискутираме. Нема да има лимит колкав број на ваучери уште ќе треба да се допечатат и колкава сума ќе биде таа. Сконцентрирајте се на амандманот. Не е злонамерна дискусијата.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓа Секуловска, повелете вие со вашата реплика од три минути.

**Мирјана Секуловска:** Ви благодарам почитуван претседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван колега Герамитчиоски.

Јас ве следев внимателно во вашата дебата во однос на амандманот и сметам дека бевте, така да се изразам, контрадикторен бидејќи од една страна вие барате и велите дека Владата погрешила со претходните членови каде што утврдила бројка. Владата е доблесна и ги увидела грешките, во образложението убаво има напишано, што е аргумент и факт дека практично секој факултет има своја уписна политика, поради која што е многу тешко да се утврди бројката на студентите кои се апсолвенти односно се запишале по прв пат на завршна студиска година. За да не дојдеме во оваа ситуација во која што сме денес дојдени, повторно да одиме на измени и дополни на овој закон, коректно е, предлогот на Владата е многу коректен и издржа, каде што се бришат тие членови односно не се става бројка, заради тоа да не се повтори истата грешка. Значи, сметам дека амандманот не ви е издржан и сметам дека треба да се прифати измената на законот онака како што е предложено од страна на Владата, од причините кои што ги наведов. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине Герамитчиоски, повелете со вашата контра реплика една минута.

**Тале Герамитчиоски:** До каде е границата на искажување на лојалност на ВМРО ДПМНЕ и искажување и кога треба и кога не треба ставови и преку гласања или преку вербални реплики, кои навистина не држат место. Јас контрадикторен? Нека се види стенограмот за тоа што сум го кажал јас, дали сум контрадикторен за бројката. Членот

1, пак повторувам, ако се усвои тогаш нема ограничувачки лимит на бројот на ваучерите и сумата која што ќе треба да се одвои. За тоа да дискутираме.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Герамитчиоски, јас сум убеден дека вашите аргументи се добри, можеби не ви требаше она на почетокот.

Повелете, процедурална инервенција господин Димоски.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе,

Вам ќе ви се обратам поради тоа што, според Деловникот сме должни вам да ви се обратиме, иако мислам дека тука повеќе би било личното обраќање спрема колегата вредно ако има желба да разбере. Темата на дискусија е многу јасна и прецизна и секое излегување од темата не е дозволено.

Јас во мојата реплика потенцирав за кои членови дискутирам, во кој дел од образложениeто, истото го направи и колешката Мирјана Секуловска.

Внесувањето на вакви дискусии во целата работа преставува покажување на слабост. Ако така сака колегата ќе и биде јасно на јавноста за што дискутиравме јас и колешката Мирјана Секуловска. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

На ред за процедурално е госпоѓа Мирјана Секуловска, па потоа Славица Грковска.

**Мирјана Секуловска:** Благодарам почитуван претседателе.

Процедуралното е точно до вас, вие требаше да реагирате на самиот почеток на говорот на господинот Герамитчиоски кога не ми контра реплицираше на мојата реплика, туку сосема други работи си кажуваше кои воопшто не беа поврзани со мојата реплика.

Очекувам да ги прекинувате на самиот почеток.

**Љубиша Георгиевски:** Добро, јас избирам една така да речам попарламентарна форма, евентуално ако имам забелешки после тоа да кажам за да имаме една подобра атмосфера. Барам да ме разберете, ако имам некаква критика процедурална на крај да ја сумирам, затоа што не знам целовитоста на исказот сепак прави генерален впечаток.

Повелете госпоѓо Грковска, вашите три минути.

**Славица Грковска:** Претседателе, ние од почетокот на овој мандат апелираме Деловникот подеднакво да се применува за сите. Меѓутоа, ќе ги сфатев добронамерно забелешките од ВМРО-ДПМНЕ и од колешката доколку вчера се јавија процедурално и реагираа до потпретседателот Догани зошто не го прекина господинот Тачи кога тука делеше четнички ордени на пратениците ...

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, вчера за вчера си беше.

**Славица Грковска:** ... и дури тогаш ќе им верував дека добронамерно ги упатуваат забелешките за тоа како треба да се применува Деловникот и кога да се прекинуваат пратениците. Во оној момент кога вие недвосмислено ќе го применувате Деловникот подеднакво за сите, тогаш ќе ви верувам и вам и на потпретседателите дека не сте исклучиво ориентирани и во сервис на парламентарното мнозинство, туку на сите пратеници во Собранието.

Бидејќи тоа не беше случај, целата измината една и пол година откако сме во Собранието, ни е за тоа бараме ваше разрешувбање. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, вие сте во принцип, се разбира, во право, меѓутоа, тој принцип, за жал, во нашата реалност не функционира од повеќе причини.

Има збор госпоѓа Грковска, но добро погледнавте на часовникот, дали сакате да почнете или да одиме на пауза, па после паузата. Ваш е изборот.

**Славица Грковска:** После паузата за да не го прекинувам излагањето.

**Љубиша Георгиевски:** Добро, после паузата.

Ве молам, уште еднаш ве потсетувам да се појавите, јас имам протоколарна обврска, да се појавите на НДИ на промоцијата, апелирам, ве молам, сега во 14,00 часот.

(Пратениците отидоа на пауза во 13,59 часот)

(По паузата за ручек седницата продолжи во 15,05 часот)

Со седницата продолжи да раководи Иван Анастасовски, потпретседател на Собранието.

**Иван Анастасовски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата, продолжуваме со расправа по амандманот.

(Минуваат минути на чекање)

Ги замолувам колегите пратеници да седнат на своите места, продолжуваме со работа.

По однос на амандманот има збор пратеник госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе.

Со овој амандман ние предлагаме да остане непроменет членот 3 од постоечкиот закон во кој е наведена вкупната вредност, меѓутоа и вкупниот број на ваучерите заради тоа што сметаме дека бришењето на првиот и третиот став односно точно на овие две одредби од членот 3 на постоечкиот закон може да предизвика злоупотреби од различен карактер.

Сакам да ги уверам и пратениците, меѓутоа и македонската јавност дека нашите забелешки, а тоа се гледа од излагањата, немаат партиски призвук, туку напротив се најдобронамерни во смисла да добиеме закон кој најдобро ќе ја одрази потребата на студентите и најдобро ќе им излезе во пресрет на нивните барања за што укажувавме во првиот момент на носење на законот. Се испостави дека некои од укажувањата кои ги имавме при носењето на овој закон, а кои не беа прифатени од страна на претставниците на Владата дополнително предизвикаа проблеми при реализација на законот и за тоа денеска сме

доведени во ситуација да разгледуваме измени и дополнувања на законот.

Се надевам дека само нашите забелешки односно амандмани ќе ги сватите исклучиво во насока на подобрување на текстот на законот и на можностите студентите да го добијат она што со овој закон се предлага.

За важноста на законот зборувавме, нема во тоа да навлегувам, меѓутоа, сакам уште еднаш да нагласам дека доколку нема вкупна вредност во законот и доколку нема ограничен број на парчиња на ваучери кои ќе бидат доделувани, а за кои бројката може да се знае имајќи во предвид дека многу брзо поминуваат роковите за упис на сите факултети и на универзитети, нема причини таква одредба да не стои. Уште повеќе заради тоа што имајќи предвид дека станува закон кој мора да се реализира до крајот на оваа година, тој исклучиво бара средства кои треба да се реализираат од Буџетот за 2007 година, за што се надевам дека Министерството веќе има определено пари.

Тоа што загрижува е дека во ситуација во која нема ограничена бројка, практично немаме една важна алка во овој закон, а која стои и е еден од главните фактори за носење на било кој закон, тоа се финансиските средства кои се потребни за реализација на овој закон.

Во овој Предлог за измени на законот за прв пат се случува да имаме една прилично генерална забелешка без прецизни финансиски средства во која се вели дека за спроведување на овој закон потребни се дополнителни средства во Буџетот на Република Македонија за 2007 година.

Од тој аспект ниту самото Министерство во овој момент не може да каже колкава ќе биде бројката на доделени ваучери и колку средства од Буџетот на Република Македонија ќе бидат искористени заради тоа.

Затоа ние предлагаме заквиот предлог на Владата да се избрише, а да се додаде со наредниот амандман предлагаме точна бројка на ваучери кои ќе бидат определени, бидејќи таа бројка отприлика се знае и на тој начин да ги спречиме малверзациите, да не навлегувам понатаму, кои можат да бидат направени не само од еден субјект кој е инволвиран во законот, тие списоци во ситуација кога не постои точка бројка и ограничување на ваучери, можат да се најдат и студенти или лица кои воопшто не припаѓаат или не заслужуваат односно не ги исполнуваат условите да бидат на списокот за доделување на ваучери, а меѓу другото законските решенија треба да бидат насочени и кон спречување на можни манипулации на одредени законски решенија и на тој начин дисквалификација на било која благородна идеја. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор господинот Јани Макрадули, но тој не е присутен во салата.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Накратко што можам да кажам околу Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за издавање на вредносни бонови - ваучери е тоа што не смееме да дозволиме во овој момент, почитувани колеги, под превезот на итност скандалозна одредба во еден вака важен закон.

Не смееме да дозволиме во овој случај да не постои бројка со која ќе го ограничиме, лимитираме бројот на предвидени, издадени ваучери односно вредносни бонови за набавка на компјутери.

Господа пратеници, почитувани претставници на предлагачот на овој закон.

Во образложението кое го добиваме зошто од 9 октомври кога го донесовме Законот до денес имате потреба да промените определени одредби од членот. Ќе ги цитирам вашите наредби.

Бидејќи е направен превид од страна на Министерството за образование и наука единствено со бројот на вредносни бонови, ваучери кај само две високообразовни установи во Република Македонија, а тоа е Високата стручна медицинска школа каде што наместо 166 студенти внесени се 13 и кај Шумарскиот факултет во Скопје каде наместо 70 запишани студенти апсолвенти внесен е бројот 7.

Исто така, на Универцитетот “Гоце Делчев” во Штип наместо пет студенти со хендикеп внесена е бројката еден.

Станува збор за вкупно 220 ваучери. Ако е тоа така, барам одговор од претставникот на Владата зошто во Предлогот за изменување не сте навеле дека точно 220 ваучери во овој момент недостигаат за да може секој апсолвент за прв пат запишан во четврта година студии на високообразовните институции во Република Македонија да се стекне со законското право на вредносен бон ваучер.

Вие одлучивте господине заменик министер да го оставите празен просторот, вакум простор, кој ви дава право да печатите или 220 нови ваучери или 2200 или било која бројка. Затоа се согласувам со наводите на моите колеги дека е ова најверојатно тесно поврзано со грубото нарушување на Деловникот каде во членот 160 предвидува, со поднесувањето на Предлог закон за измена и дополнување да мора да стојат и финансиските импликации. Во овој случај немаме таква финансиска импликација.

Навистина ќе потсетам, она што го дебатиравме и при донесувањето на 9 октомври пред само неколу дена да го донесеме овој закон го разгледувавме ребалансот на Буџетот. Во ниту една ставка не беше предвидено дека Владата е подготвена на еден ваков проект компјутер за секој апсолвент односно не компјутер, дел од компјутер за секој апсолвент. Тогаш дебатиравме дека е скандалозно, дека требаше да бидат точно предвидени средства на точно детерминирана буџетска ставка и тогаш ја отворивме дилемата што се крие во предлозите на буџетот кои ни ги доставува министерот Славеска.

Но очигледно е дека во овој момент, во последно време министерот Славески најверојатно добил нов опис и попис за работните задачи, дека е задолжен само убаво спакуваниот Предлог-Буџет за идната година даго достави на преизрадуваниот претседател на Собрание, а кога дебатираме за закони од финансиска сфера да го пушти својот заменик.

За жал кога нешто такво ни се случува и бидејќи од секогаш верувам дека кога ќе ја направите првата отстапка ќе иницирате и низа други отстапки, од правилата на игра тогаш еве повторно ни се случи. Не смееме почитувани колеги пратеници да дозволиме донесување на закон во кој што ќе стои одредба кој колку сака да издава ваучери. Пазите, на товар на буџетски средства.

Токму заради тоа го повикувам заменикот да го измени овој член како што го предлага и да ја стави бројката 220. Доколку не го стори тоа ќе бидам убедена дека ќе очекувам можеби повторно Министерството за образование да направи превид и ние повторно ќе донесуваме предлог за дополнување на овој закон, се до последниот ваучер. Се разбира, ние имаме едно дополнително решение кое ќе го дебатираме околу следниот амандман каде што ја определивме бројката 15000. Сметаме дека таа е бројка која ќе ги задоволи потребите, дури ќе има и вишок. Но, во веќе донесениот закон има и одредби, до колку високошколската образовна институција има вишок ваучери примено од Министерството за финансии има право да ги преотстапи на друга институција, но и одредба во член на законот согласно која секој неискоритен ваучер ќе биде комисиски поништен најдоцна до 10 јануари 2008 година. Мислам дека навистина заслужува ваквата одредба, се согласувате дека е многу поконкретна, многу позаконска и го стеснува просторот и за дискреционите права на Владата, бидејќи очигледно е дека ќе донесеме закон кај кој ќе направиме премногу простор на господинот Славески во ставките договорни услуги, други трансфери и тн. да си печати колиу сака ваучери.

Морам да потсетам, минатиот пат кога го донесувавме законот копја кршевме околу предлогот при реализирањето на овој владин проект, за кој и прв пат донесуваме закон извештајот да го разгледуваат токму оние кои што ќе го донесат, а тоа се пратениците во Собранието на Република Македонија. Не наидовме на разбирање од страна на претставникот на Владата и сега имаме ситуација кога имаме сериозен простор за сериозни обвинувања за можност за злоупотреби. И Владата е може да издава неограничен број на ваучери и никој нема да знае на кој начин и преку кои постапки и мерки, кои фирми беа вклучени за набавката. За тоа сам ќе си пропише свои инструменти министерот за финансии, претпоставувам самиот себе си ќе си се контролира. Дозволете, навистина има простор да дебатираме со цел да го подобриме и да најдеме најдобра солуција со оглед на тоа што имаме на располагање кратко време на секој студент кој за прв пат запишал четврта година на студии навистина да не му го ускраиме законското право за кое гласавме сите ние, со компромис да има право да си набави компјутер. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика пратеникот Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам потпретседателе.

Јас би сакал да изразам доза на чудење и незадоволство од стилот на кој што колешката Бендевска ја води дискусијата. Не е ова пример како треба да се водат дискусии, па макар и од опозиционите пратеници во едно Собрание на Република Македонија, посебно не кога носиме закон кој што е од интерес, апсолутен интерес на граѓаните на Република Македонија, или барем на значителен дел од граѓаните на Република Македонија.

За да има нејаснотии, поради тоа што колешката Весна Бендевска се обиде да внесе нејаснотија таму каде што нема, ќе прочитам еден дел од образложениeто, со што се надевам и нејзе и целокупната јавност ќе и стане јасно за што дебатираме. Вели вака: “Во процесот на предавање на вредносните бонови - ваучери во високообразовните установи беа констатирани одредени проблеми кои се однесуваа на бројот на вредносните бонови - ваучери кои следуваат на одделните високообразовни установи, кој беше утврден врз база на список за распределба доставен од страна на Министерството за образование и наука.

Имено, Министерството за образование и наука преку државните просветни инспектори на ден 22.10.2007 година изврши увид во сите државни и приватни акредитирани високообразовни установи и согласно службената евиденција на установите го утврди бројот на студенти кои ги исполнуваат условите за добивање на ваучер.

Овој пресек на 22.10.2007 година се направи бидејќи високообразовните установи водат различни политики на уписна година, па така во повеќето од нив уписот на студенти по години сеуште е во тек.

Притоа направен е превид од страна на Минсистерството за образование и наука единствено во врска со бројот на вредносните бонови - ваучери само кај две високообразовни установи во Република Македонија”.

Тоа е тоа што го пишува во образложението и е многу јасно. Ние имаме проблем на две основи.

Првиот проблем е тие 200 бројки кои се многу симболични во однос на генералниот проблем. факултетите односно високообразовните установи немаат доставено прецизни информации до Министерството за бројот на потребни ваучери. Немојте да се обидувате овие 200 ваучери да ги ставате како главна улога во целата работа.

Ограничувањето госпоѓо Бендевска го има во членот 7 од Предлогот за изменување на законот каде што вели: “Редовни студенти за прв пат

запишани во завршна година на студиите на учебната 2007-2008 година на високообразовните установи во Република Македонија во смисла на овој закон се редовните студенти запишани на високообразовните установи до денот на влегување на сила”.

Тој број е лесно утврдлив и проверлив и подлежи на контрола и тн.

Значи се прави компликација, се прават проблеми од нешто што го нема, а тоа не е нормално во една нормална држава.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Контра реплика една минута за пратеник Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе.

Благодарам и до колегата Димовски. Вие комплетно го поддржавте мојот став и јас навистина ви благодарам, бидејќи сметам дека е лесно утврдлив можниот број на студенти кои за прв пат ќе се запишат како апсолвенти и затоа барам и инсистирам точна бројка, плус-минус 10%. Нека биде и 1000. Ќе се поништат законски, но не да биде неограничена бројка. Нема ограничување кога им давате можност за злоупотреба. Сфатете, бидете легалист, овде сме да донесеме закон кој практично ќе ја минимизира можноста за злоупотреби. Ако е лесно утврдлива бројката дајте да ја утврдиме и да не дозволиме прекумерно и танспарентно трошење од Буџетот.

Благодарам за поддршката.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор господин пратеник Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Мене ми е жал што дебатата се одолговлекува иако постои расположение. Целта ни е на сите заедничка што побрзо да се донесе измената на Законот, Законот да профункционира. Има работи кои што не се познаваат и не треба да се дискутираат, бидејќи предизвикува реакции од повеќе страни и завлегување во грешки.

Прво, ние од оваа говорница посочивме дека ќе има проблеми од овој сегмент бидејќи техниката на запишување на студенти во завршната година е регулирана во статут на факултетот. Почитуван колега вас ви кажувам бидејќи не ја знаете процедурата.

На факултетот со статут се одредува кога студентот има право да ја запише последната година. Кај некои е со минус 2, кај некои со минус 1 се додека не се усвои новиот закон за високо образование, со имплементација на кредит трансфер системот во кој што ќе се брише условот за запишување во година. За жал сеуште стојат старите статути, по стариот Закон сеуште се запушуваат студенти. Тоа се знаеше. Министерството за образование и наука милион пати до сега барало бројки и податоци на по разни основи за да добие статистички показатели и му е совршено јасно на администрацијата дека не може никогаш да добие точна бројка, затоа што не може да се добие ни од страна на факултетите. Не се ни тие криви таму.

Или да ви кажам за илустрација, сабота има испит во кој што ако се усвои денеска законот тие ќе го исполнат условот нема да можат да конкурираат според членот 7, како што е сега дефиниран. Ние со замeникот министер се договоривме, бидејќи му е совршено јасно, бидејќи доаа од факултет, бидејќи знае за овие проблеми дека треба да се интервенира во тој поглед. Немојте да ми кажувате дека некој му текнало 10 илјади асполвенти ќе има, тие влегоа во бројката. Точната и права вистина е дека факултетите повеќе од 50% на пријавените, на пријавените апсолвенти добиваа по 10% помалку броеви на ваучери од предвиденото. Вие направивте забуна при повикот. Кога го гласавме законот, за волја на вистината никаде не стоеше дека во условите ќе стои “прв дојден прв услужен” и се предизвика станпедо. Им давате 10% помалку од потребниот пријавен број, тие наслушнуваат од некаде дека е така нешто и се јавува хаос. Дури на некои факултети, еве на Ветеринарниот факултет, пишуваше во информативните гласила само тројца помалку е, ама и еден ако го оставите пропаѓа акцијата. Впечатокот се расипува. Сега тие си влечат кој ќе добие, кој нема да добие, некои факултети вовеле критериум на вреднување според успехот на студирањето. Тоа не беше во законот дефинирано. Сега, јас не сакам оваа тема да ја отварам, ама ја отворате. Дајте да ги видиме недостатоците кои што постојат, реално како може тоа да се надмине.

Со бришење на членот, јас знам дека е добронамерно од страна на Министерството за финансии да одговори на сите повици, ама се раѓа сомнеж кој што постојано се поткрепува со вакви изјави дека може да се делат број на ваучери повеќе отколку што ние и ќе добиеме со некоја информација. Особено што ви ги посочивме доказите или примерите на дискутабилни членови во кои што може да се продава еден компјутер на 10 корисници со истата регистрациона бројка, или пак стари компјутери во кои што нема гарантни листови и тн. Дајте да го надминеме ова. Имаме иста цел, да профункционира Законот и вакви дебати, колешката го кажа тоа во кое што ние сме се сомневале како опозиција. Нас и должност ни е да се сомневаме. Ние сме чувари на законитоста или сме коректори на постапките на власта. Дај Боже да не се случат такви работи, но се случија уште во првиот бран. Јас не гледам зошто да се отвараат такви дебати кога јасно и недвосмислено стои дека заради недоречености не може да функционира Законот онака како што е предвиден. И не беше ништо за изненадување бидејќи прв пат станува збор за ваков закон.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање ги замолувам колегите пратеници да влезат во салата, ќе пристапиме на гласање.

(Некои пратеници влегуваат во салата)

Ги молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

Ги молам уште еднаш пратениците да влезат во салата за да пристапиме на гласање.

Би ги замолил службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Ги замолувам уште еднаш колегите пратеници да влезат во салата ќе пристапиме кон гласање.

Ги замолувам уште еднаш колегите пратеници да влезат во салата ќе пристапиме кон гласањето.

Би ги замолил службите уште еднаш да утврдиме точниот број на колеги пратеници кои се присутни во салата, а колегите да седнат на своите места, ги замолувам.

Објавувам пауза од 15 минути, ги замолувам координаторите на пратеничките групи да обезбедат кворум после паузата.

(Пауза од 16,03 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,35 часот)

Почитувани колеги бидејќи имаме гласање по однос на амандманот, 34 колеги уредно се запишани за отсатни, ја прекинувам денешната работа.

Продолжуваме со истата 80-та седница утре во 11,00 часот, а по завршување на 80-та седница продолжуваме со 76-та седница на Собранието на Република Македонија.

Ви благодарам.

(Седницата прекина со рбота во 16,35 часот)